**Известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложувањеод страна на Даимлер Трак АГ, Германија и Актиеболагет Волво, Шведска**

**(предмет бр. 08- 153 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24) на ден 19.11.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на основањето на друштво кое е заеднички контролирано и целосно функционално заедничко вложување во кое Даимлер Трак со регистрирано на седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија и Актиеболагет Волво со главно седиште на Гропегардсгатан 2, 405 08 Гетеборг, Шведска, директно или индиректно, ќе имаат еднаков број на акции. За таа цел, Даимлер Трак и Актиеболагет Волво потпишале Договор за инвестирање на ден 25 октомври 2024 година.

-**Заедничкото вложување** ќе биде основано во правна форма на акционерско друштво според законите на Шведска (на шведски јазик: *Aktiebolag*). Би можело да има зависно друштво во целосна сопственост и во форма на друштво со ограничена одговорност според законите на Германија (на германски јазик: *Gesellschaft mit beschrankten Haftung*) и потенцијално дополнителни зависни друштва, вклучително и едно во Индија кое првенствено ќе се фокусира на потребите за истражување и развој. Заедничкото вложување првично ќе биде основано како зависно друштво во целосна сопственост на Волво Групацијата. На датумот на затворање Трансакцијата, Даимлер Трак ќе се стекне со 50% од акциите во Заедничкото вложување.

Заедничкото вложување ќе биде под заедничка контрола, директно или индиректно, од страна на Подносителите, тоа ќе биде посебно правно лице со сопствен корпоративен идентитет и ќе има доволно финансиски средства за самостојно да работи на трајна основа.

-**Даимлер Трак** (Daimler Truck) со седиште во Лајнфелд-Ехтердинген, Германија е 100% зависно друштво на Даимлер Трак Холдинг АГ (Daimler Truck Holding AG), друштво кое котира на берзата во Франкфурт. Даимлер Трак е оперативно владејачко друштво за активностите на Даимлер Трак Груп поврзани со камиони и автобуси со брендови како Мерцедес-Бенц Тракс (Mercedes-Benz Trucks), Фрејтлајнер (Freightliner), Митсубуши Фусо (Mitsubishi Fuso), Вестерн Стар (Western Star), Сетра (Setra) и Ризон (Rizon).

-**Актиеболагет Волво** е меѓународно друштво со седиште во Гетеборг, Шведска и кое јавно котира на наведено на Nasdaq OMX Nordic берзата. Преку своите акции во друштвата на Волво Групацијата („**Волво Групацијата**“), Волво е активно на светско ниво во производство и продажба на камиони за сообраќај и вон сообраќај, автобуси, градежна опрема и поморски транспорт, за сообраќај и вон сообраќај и индустриски мотори. Портфолиото на брендови на Волво Групацијата се состои од Волво (Volvo), Волво Пента (Volvo Penta), Рокбак (Rokbak), Рено Тракс (Renault Trucks), Превост (Prevost), Нова Бас (Nova Bus) и Мак (Mack).

Заедничкото вложување ќе се фокусира на истражувањето, развојот и комерцијализацијата на СДВ Платформа за комерцијални возила.. СДВ (Софтверско дефинирано возило) претставува тренд во развојот на возилата, каде што искуството на клиентите во возилото сè повеќе зависи од софтверот, а не, како во минатото претежно од хардверот на возилото. Софтверски дефинираните возила

овозможуваат нови форми на поврзаност, автоматизација и персонализирани карактеристики.

Релевантните пазари на стоки за предметната концентрација може да се дефинираат како:

— пазар за развој и продажба на софтверски дефинирани платформи за возила (СДВ Платформи); и
— пазар за развој и продажба на софтверски пакети (software stack) за прегледност и перцепција за напредни системи за помош на возачот (ADAS)

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.11.2024 година

Скопје